**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-554/5***
***Скопје,19.09.2005 година***

**ДО**
**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за 2004 година (во натамошниот текст Служба), кои ја опфаќаат сметката за редовно работење, а кои се прикажани на страните 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Службата за 2002 година и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- Горан Минчев, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 04/04/2005 до 24/06/2005 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - Абдула Адеми - Виш ревизор
   - Росица Шалевиќ Христовска - Ревизор
   - Бранка Ажиевска - Ревизор и
   - Соња Цифорова - Симеонова-Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

***ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел:3 211 -262; факс 3126-311;***

***Овластен државен ревизор***

_________________________

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 11-4701/5 од 13/09/2005 година и тоа на точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.5, 10.1.6, 10.1.7, 10.2.1, 10.3.1, 10.3.2. и 10.4.1, при што се прифатени забелешките на точките 10.1.6. и 10.1.7, делумно се прифатени забелешките на токите 10.3.1. и 10.3.2, додека не се прифаќаат забелешките на точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.5, 10.2.1. и 10.4.1.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Според Законот за правата, обврските и одговорностите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што ги користат и Одлуката на Владата за востановување и водење на внатрешната евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи, евиденцијата на градежните објекти и опремата кои ги користат органите на државната управа треба да ја води Министерството за финансии-Управата за имотно правни работи, а не Службата. Почетни активности имало во 2003 година при што е извршено примопредавање на документацијата со соодветното министерство, но евиденцијата останала во рамките на Службата.

11.1.2. За основање и функционирање на Службата донесени се Одлука за основање на служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Уредба за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, кои содржат одделни контрадикторности, предизвикувајќи забуна при операционализација на истите. Со наведените акти не може со точност да се дефинира за кој правен

субјект и за кој вид на услуга треба да се ангажира Службата (Прилог:Преглед бр.1).

11.1.3. Не е донесен акт од директорот во кој ќе се искаже потребата од ангажирање на работници по договор за дело и акт за дополнително ангажирање на вработените.

11.1.4. Во Службата нема дефинирано сметководствена политика за начинот на вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар.

11.1.5. Договорот за извршување на услуги бр.04 -1758/34 од 31.07.2002 година, помеѓу Службата и Друштвото за обезбедување и услуги Секјуриком Мултисервис Интернационал ДОО Скопје, во вкупен годишен износ од 3.137.412 евра или 33% од вкупните годишни расходи на Службата за 2004 година, е склучен без да се изврши поширока, детална и компаративна анализа од која би се видела економската оправданост за корисникот на услугите во однос на поранешниот начин на извршување и финансиско теретење на буџетот на субјектот, а со тоа и на државата. Со договорот е предвидено преземање на 416 работници заедно со дел од опремата и деловните простории кои ги користеле работниците, без надоместок.

**Препораки и мерки**

- Одговорните лица во Секторот за финансико-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи, да преземат мерки за спроведување на одредбите на Законот за правата, обврските и одговорностите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што ги користат и Одлуката на Владата за востановување и водење на внатрешната евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи.
- Одговорните лица во Секторот за финансико-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи да превземат иницијатива за донесување на нормативени акти: за ангажирање на работници со договор за дело, за дополнителна работа на вработените и за начинот на вреднување на залихите и ситниот инвентар.
- Одговорното лице на субјектот да покрене иницијатива за изготвување на компаративна анализа за вистинските трошоци (висока фиксна цена на услугите, отстапување на опремата и деловните простории без надоместок и други трошоци) кои произлегуваат од одредбите на договорот со Секјуриком и доколку се јават значителни негативни економски ефекти, да се превземат мерки за преиспитување на одредени одредби од договорот со Секјуриком.

**Забелешка**

- Во текот на 2005 година е донесено решение со кое е формирана комисија со цел да се подготви преглед на корисници на услуги од Службата и видовите на расходите кои се надоместуваат од Службата.

### 11.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите:

11.2.1. Од страна на ревизијата е констатирано повеќе потрошени средства за репрезентација за 537 илјади денари, во однос на правото утврдено со Одлуката за определување на корисниците и износите за безплатно користење на угостителските услуги донесена од директорот на Службата. Повеќе потрошената репрезентација се однесува на лица кои немале право на трошење на средства за репрезентација или го надминувале утврдениот лимит со Одлуката.

11.2.2. Трошоците за користење на службени мобилни телефони не се во рамките на дозволеното ниво согласно Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката. Имено, повеќе се потрошени средства за 809 илјади денари и тоа:од корисниците на Службата во износ од 323 илјади денари и од корисниците на Владата во износ од 486 илјади денари. Корисниците кои ги пречекориле ограничувањата немаат поднесено изјава за причините за пречекорување ниту пак ја имаат надоместено утврдената разлика.

**Препораки и мерки**

- Директорот на Службата да преземе мерки за надоместување на безправно потрошените средства за репрезентација со едновремено писмено предупредување на лицата-корисници на репрезентација да постапуваат според Одлуката.

**Забелешка**

- Преземени се мерки за надоместување на трошоците по основ на надминување на утврденото пречекорување на службените мобилни телефони согласно одлуката, така што сите корисници на службените мобилни телефони потпишаа изјава со која даваат согласност пречекорениот износ над лимитот да биде одбиен од платата.

### 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции:

11.3.1. Службата не поседува сметководствена евиденција за површината на земјиштето што е во нејзина сопственост. Исто така, пописните листи содржат само позиција земјиште, без информација за големина на истата. Приложениот имотен лист не обезбедува ревизорски доказ дали со истиот е опфатена целокупната сопственост, површината и вредноста на земјиштето со која располага Службата.

11.3.2. Според сметководствената евиденција и пописните листи Службата раполага со вкупно 52 градежни објекти. На ревизијата дополнително и беа презентирани имотни листови за 14 градежни објекти, додека за останатите 38 објекти не е обезбеден доказ дека се во сопственост на Службата.

11.3.3. Во пописните листи на Службата, без книговодствена вредност, евидентирани се објектите Мир во Охрид, Никола Тесла и Рударски институт во Скопје, при што за истите не е обезбеден доказ во чија сопственост се истите.

11.3.4. Не е извршен попис на градежните објекти во Белград- Србија и Црна Гора и во Цавтат- Република Хрватска. Според информациите од одговорното лице започнати се активности за регулирање на сопственоста на имотот, наследство од поранешната СФРЈ, но без конечен резултат.

11.3.5. Службата извршила само физички попис на средствата кој не е усогласен со сметководствената состојба. Согласно одредбите од член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Службата е должна најмалку еднаш годишно да врши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба, што се утврдува со попис на 31 декември, на начин пропишан од страна на министерството за финансии.

11.3.6. Во текот на ревизијата, од страна на ревизорскиот тим извршен е попис на возниот парк на Службата согласно Меѓународниот ревизорски стандард 501-Ревизорски доказ-дополнителни разгледувања на специфични ставки. Според овој стандард доколку ревизорот не е во можност да присуствува на физичкиот попис на залихите на планираниот датум, поради непредвидливи околности, може да направи попис или да присуствува на физички попис на некој алтернативен датум и да спроведе проверка на трансакции кои во меѓувреме настанале. Со пописот е констатирано дека 41 моторно возило се вон употреба а сеуште се водат во сметководствената евиденција како исправни со сегашна односно неотпишана вредност од 1.497 илјади денари.

11.3.7. Аморизацијата на ново набавената опрема во 2004 година е пресметана почнувајќи од тековниот месец на набавката, а не од првиот ден во наредниот месец кога истата е дадена во употреба, согласно чл.22 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради погрешна пресметка на амортизација од страна на програмот, кој го користи Службата.

11.3.8. При примопредавањето на градежниот објект само во одделни случаи се изготвува записник за технички прием или друг документ дека инвестицијата е завршена.

**Препораки и мерки**

Одговорните лица во Секторот за финансико-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи да преземат мерки за:

- Обезбедување на сметководствена евиденција за земјиштето во која ќе бидат внесени податоци за големината на истото.
- Обезбедување на имотни листи за останатите градежни објекти кои се евидентирани во Службата.
- Да се обезбеди документација за објектите Мир во Охрид, Никола Тесла и Рударски институт во Скопје, со цел да се утврди сопственоста на истите.
- Да се продолжи со превземените активности за регулирање на сопственоста на имотот во Белград и Цавтат.
- Да се изврши попис според одредбите на Законот за смеководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
- Да се процени состојбата и вредноста на моторните возила кои со

дополнителниот попис е утврдено дека се вон употреба и да се предложат мерки за надминување на состојбата.

- Да се преземе мерка за промена на програмот кој се користи при пресметување на амортизацијата на опремата во Службата, со цел да се пресметува амортизацијата согласно законските прописи.
- Раководител на Секторот за инвестициони работи и организација на одржувањето на објектите за завршените инвестиции во градежни објекти задолжително да изготви записници, врз основа на кои ќе се изврши зголемување на вредноста на објектите и деловниот фонд.

## 11.4. Наменско и законско користење на средства:

11.4.1. Со ревизијата се опфатени 46 јавни набавки со вредност поголема од 1.000 илјади денари или вкупно 332.444 илјади денари, при што е констатирано дека кај 12 јавни набавки во вкупен износ од 25.921 илјади денари или процентуално учество од 7,8%, Комисијата за јавни набавки не извршила оценување на понудите и не утврдила листа на рангирани понуди и покрај утврдените критериуми во повикот, туку изготвила само преглед на понудувачи со податоци од понудите, а изборот е извршен претежно според критериумот-најниска цена на понудите, што е спротивно на одредбите на Законот за јавни набавки. (Прилог:Преглед бр.3).

11.4.2. Кај спроведените набавки од мала вредност ревизијата констатира надминување на законски утврдениот износ до 3.000 евра во денарска противвредност за одделен вид или група на стоки, услуги или работи од помал обем и тоа во вкупен износ од 3.176 илјади денари. (Прилог:Преглед бр.4)

11.4.3. Програмата за инвестиционо одржување за 2004 година донесена од Владата на Република Македонија во вкупен износ од 53.000 илјади денари, не е реализирана според нејзината структура. Имено, кај одредени објекти потрошени се средства кои не биле предвидени со програмата во износ од 8.705 илјади денари, кај други објекти кои биле предвидени со програмата повеќе е потрошено за 9.778 илјади од предвиденото, а за одделни објекти помалку се потрошени за 16.572 илјади денари. (Прилог:Преглед бр.2)

11.4.4. Со ревизијата е констатирано дека повеќе се потрошени средства од планираните со буџетот во вкупен износ од 6.162 илјади денари и тоа за:

- Тековно одржување за 5.428 илјади денари и
- Други оперативни расходи за 734 илјади денари.

**Препораки и мерки**

- При набавките на стоки, услуги и работи, да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки.
- Одговорните лице во Секторот за финансиско-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за инвестициони работи и организација на одржувањето на објектите, во иднина да превземат мерки за доследно спроведување на донесените Програми во Службата.
- Остварувањето на буџетот да се извршува според категориите, ставките и поттставките предвидени во буџетот за соодветната година.

12. Според наше мислење, освен во точките 11.2. и 11.3. финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

13. Според наше мислење, освен наодите во точка 11.4. остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

14. Информација за преземените односно непреземените мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2002 година:
    - целосно извршени препораки: план за јавни набавки и усогласен бруто билансот со Билансот на состојбата;
    - делумно извршени препораки или се во тек на извршување: извршен вонреден попис на опрема и ситен инвентар при што се најдени одредени предмети утврдени како кусок, но е презентиран доказ за преземени мерки за појавениот кусок; делумно устроена евиденција за ситен инвентар и предмети; делумно се усогласени Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за класификација на приходите и расходите; сеуште постојат појави на плаќање со готовина на правни лица и пречекорување на одредени расходни ставки во однос на планираните со буџетот;
    - неизвршена препорака: пренос на евиденцијата на средствата во рамките на Министерство за финансии-Одделение за имотно правни работи.

15. Вкупниот нето ефект од прифатените и спроведените корекции од страна на субјектот со извршената ревизија врз Билансот на состојба е следната:
    - зголемување на состојбата на јавниот државен капитал во вкупен износ од 199.039 илјади денари,
    - зголемување на состојбата на исправката на вредност за 9.625 илјади денари и
    - намалување на состојбата на сметката на други пасивни временски разграничувања за 208.664 илјади денари.

**Скопје,19/09/2005 година** **Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3. | 712,146 | 502,494 |
| **Вкупно приходи** | | **712,146** | **502,494** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 74,743 | 75,192 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 378,861 | 378,033 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 14,136 | 14,201 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **467,740** | **467,426** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 244,406 | 35,068 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **244,406** | **35,068** |
| **Вкупно расходи** | | **712,146** | **502,494** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 Ден. | во 000 Ден. |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2004** | **2003** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.2.1. | 56 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.2.2. | 469 | 472 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.2.3. | 236 | 393 |
| Активни временски разграничувања | 4.2.4. | 30,912 | 29,626 |
| Материјали, резервни делови и ситен инвентар | 4.3. | 16,493 | 20,380 |
| **Вкупно тековни средства** | | **48,166** | **50,871** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.1.1. | 192,052 | 192,052 |
| Материјални средства | 4.1.2. | 4,288,976 | 4,283,688 |
| Материјални средства во подготовка | 4.1.2. | 208,664 | 8,998 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4,689,692** | **4,484,738** |
| **Вкупна актива** | | **4,737,858** | **4,535,609** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.5.1. | 25,845 | 24,970 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.5.2. | 56 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.5.3. | 236 | 393 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.5.4. | 5,536 | 5,128 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.5.5. | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **31,673** | **30,491** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 4,706,185 | 4,505,118 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4,706,185** | **4,505,118** |
| **Вкупна пасива** | | **4,737,858** | **4,535,609** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*
*Овластен државен ревизор*

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ

000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **4,484,738** | **20,380** | **4,505,118** |
| **Зголемување по основ на:** | **299,475** | **61,493** | **360,968** |
| Набавки | 1,108 | 61,493 | 62,601 |
| Проценка на возила без сметководствена вредност | 28,874 | - | 28,874 |
| Пренос од сметката за средства остварени од самофинансирачки активности | 981 | - | 981 |
| Донации на постојани средства | 1,143 | - | 1,143 |
| Повторно евидентирани постојани средства | 223 | - | 223 |
| Преотстапени постојани средства | 13,051 | - | 13,051 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 243,291 | - | 243,291 |
| Идејни и главни проекти за реконструкција на градежни објекти добиени без надомест | 872 | - | 872 |
| Корекции прифатени од ДЗР | 9,932 | - | 9,932 |
| **Намалување по основ на:** | **293,560** | **65,380** | **358,940** |
| Дадена залиха во употреба | - | 62,049 | 62,049 |
| Расход на ситен инвентар | - | 3,331 | 3,331 |
| Отпис на капитални средства по основ на расход | 8 | - | 8 |
| Отпис на капитални средства по основ на преотстапување на постојани средства на други органи | 7,986 | - | 7,986 |
| Амортизација | 76,595 | - | 76,595 |
| Корекции прифатени од ДЗР | 208,971 | - | 208,971 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **4,490,653** | **16,493** | **4,507,146** |


*Ул:”Маршал Тито”бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

______________________